**Потпишан меморандум за воведување менаџмент во здравството**

**Министерството за здравство и Медицинскиот факултет, при универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје потпишаа заеднички Меморандум за соработка во областа на едукацијата и обуката за менаџмент во здравството.**
**Меморандумот го потпишаа министерот за здравство Имер Сељмани и проф. д-р Магдалена Жантева-Наумоска, декан на Медицинскиот факултет.**
**Потпишувањето на Меморандумот значи релизација на владината програма за воведување менаџмент во здравствениот систем во Република Македонија.**

## МЕМОРАНДУМ
## ПОМЕЃУ
## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”, СКОПЈЕ
## ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЕДУКАЦИЈАТА И ОБУКАТА ЗА МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВОТО

Министерството за здравство на Република Македонија, претставувано од страна на Министерот за здравство, г-дин Имер Сељмани и Медицинскиот факултет при Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј”- Скопје, претставуван од страна на Деканот, Проф. др. Магдалена Жантева Наумоска(во натамошниот текст: Договорни страни), поаѓајќи од тоа дека :

- постојните кадри кои раководат со здравствените установи не се доволно насочени и специфично едуцирани/обучени за раководење со здравствените установи;
- постои недостаток на профилирани кадровски капацитети во областа на менаџментот во здравството;
- дополнителна едукација и обука на менаџерски кадри е неопходна за успешно раководење на здравствените установи;
- менаџирањето со здравствените установи (менаџмент во здравството) подразбира збир на активности кои се однесуваат на сите аспекти на работењето на здравствената установа (стручно-медицински, административни, финансиски, етички и други) релевантни за успешно раководење;
- поради спецификите на менаџментот во здравството неопходна е надградба на базичното образование со дополнителна обука на менаџерите, односно на лицата што имаат интерес да се бават со менаџмент во здравството;
- Министерството за здравство има интерес да го зголеми капацитетот и квалитетот на менаџирање / раководење/ во јавните здравствени установи во Република Македонија;
- Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, Скопје има неопходни ресурси за организирање на дополнителна едукација и обука за менаџмент во здравството;

а со цел да ја зајакнат и развијат соработката во областа на дополнителна едукација и обука за менаџмент во здравството, се договорија за следното :

**Член 1**

Овој Меморандум се склучува за да се развие соработката во областа на дополнителна едукација и обука за менаџмент во здравството со цел да се обезбеди квалитетно и континуирано дообразување преку форми на континуирано образование за стекнување нови знаења.

**Член 2**

Договорните страни се согласија дека едукацијата и обуката за менаџмент во здравството ќе се спроведува во согласност со националното законодавство и студиските и предметните програми од областа на јавното здравство на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Член 3**

Министерството за здравство во соработка со Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” ќе ги дефинира формата и содржината на програмата за дополнителна едукација и обука, врз основа на сопствени, европски и светски искуства во областа.

Дополнителната едукација и обука ќе се спроведува, согласно утврдената програма, од страна на Медицинскиот факултет при Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј”, Скопје.

**Член 4**

По барање на Министерството за здравство, Медицинскиот факултет при Универзитетот “ Св.Кирил и Методиј”, Скопје во рок од 30 дена ќе организира дополнителна едукација и обука за менаџмент во здравството за пријавените кандидати.

Министерството за здравство ќе го извести Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, Скопје за потребата од организирање на дополнителна едукација и обука за менаџмент во здравството за кандидатите од став 1 од овој член.